**7. Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите**

Реализација на обврските за намалување на количеството на биоразградливиот отпад што се отстранува на депониите, ќе се спроведе низ едукација на населението за самостојно компостирање.

**8. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот**

До постигнување на капацитети за преработка на отпадот на регионалната депонија на територијата на општина Босилово ќе се превземат активности за подобрување на системот за отстранување на отпад од страна на ЈПКД „Огражден„ – Босилово со редовно подигање на комуналниот отпад.

**9.Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот**

Мониторингот на состојбите со отпадот ќе се реализира преку база на податоци која што ќе ја оформи ЈПКД „Огражден„ – Босилово во соработка со општината. Достапност до базата на податоци ќе имаат надлежните вработени од ЈПКД и Одделението за комунални работи и ЛЕР во општина Босилово.

Мониторингот за 2019 ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи на управувањето со отпадот. Овие обрасци се задолжителни за општинското комунално претпријатие.

**11.Други мерки од важност за реализација на Програмата за управување со отпад**

- Инвентаризација на бројот на дивите депонии и приближно определување на количините на депониран материјал.
- Расчистување на прифатилиштата за комунален отпад во населените места во општина Босилово со употреба на градежна механизација со цел создавање на простор за депонирање на нов отпад и пристап на возилата на општинското комунално претпријатие.